**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски" бр.12*2210 Пробиштип
*Тел.:032/483-131; факс:032/483-047*
*www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk*

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Бр. 10–39/4 од 07.07.2025 год.**
**Пробиштип**

Врз основа на член 12 став (2) и (3) и член 50 став (3), (4), (5) и (11) од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ"бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и бр.40/25 год.), и донесената Годишна програма за урбанистичко планирање на Општина Прбиштип за 2025 година, со Одлука Бр. 26-843/3 од 17.12.2024 год., објавена во „Сл.Гласник на Општина Пробиштип Бр.12/24 год., донесена од страна на Советот на Општина Пробиштип, Градоначалникот на Општина Пробиштип го дава следното

# С О О П Ш Т Е Н И Е - П О В И К

## за спроведување на Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт план за Обединета постапка за Измена и дополна на Генерален Урбанистички план за град Пробиштип за Урбан Блок 3 и Урбан Блок 6.1 и Детален урбанистички план за Урбан Блок 3 и Урбан Блок 6.1, Општина Пробиштип, за плански период (2024-2034)

### Член 1

Се известуваат граѓаните на Општина Пробиштип дека се организира Јавна презентација и Јавна анкета по **Нацрт план за Обединета постапка за Измена и дополна на Генерален Урбанистички план за град Пробиштип за Урбан Блок 3 и Урбан Блок 6.1 и Детален урбанистички план за Урбан Блок 3 и Урбан Блок 6.1, Општина Пробиштип, за плански период (2024-2034)**, со Тех. Број 32/2024 од Декември 2024, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА" Скопје.

### Член 2

Просторот дефиниран за изработка на **Измена и дополна на ГУП на Град Пробиштип за Урбан блок 3 и Урбан блок 6.1, О.Пробиштип од Обединета постапка за Измена и дополна на Генерален Урбанистички план за Град Пробиштип за Урбан Блок 3 и Урбан Блок 6.1 и Детален урбанистички план за Урбан Блок 3 и Урбан Блок 6.1, Општина Пробиштип**, со својата местоположба припаѓа на територијата на Општина Пробиштип сместен во југозападниот дел на град Пробиштип. Локалитетот преставува делумно изградено земјиште и се наоѓа на 1,5 км од централното градско јадро.

Според Нацрт планот за измена и дополна на Генералниот Урбанистички план за град Пробиштип за Урбан Блок 3 и Урбан Блок 6.1 и Детален урбанистички план за Урбан Блок 3 и Урбан Блок 6.1, Општина Пробиштип, вкупната површина на планскиот опфат во рамките на опишаните граници изнесува **П=41,904 ха**, кој е дефиниран со следните граници:

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски" бр.1*2210 Пробиштип
*Тел.:032/483-131; факс:032/483-047*
*www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk*

- **На исток** границата се движи по профилот на планираната по ГУП Магистрална улица профил Б и продолжува по осовина на планираната улица по ГУП Колекторска улица со профил 2;
- **На север** границата ја сече КП 1002/1 КО Пробиштип;
- **На југ** границата се движи по јужната граница на КП 4471/1, ја сече КП 4471/6 и КП 4467/2 КО Пробиштип и на дел се движи по границата на ГУП - от;
- **На запад** границата се движи по границата на ГУП на Град Пробиштип.

**-Вкупната површина на планскиот опфат во рамките на опишаните граници** изнесува П=41,9065 ха (419 065.4531м$^2$) со **Периметар од 3 071.8410 м.**

Границата на конкретниот плански опфат за Обединетата постапка за Измена и дополна на Генерален Урбанистички план за град Пробиштип за Урбан Блок 3 и Урбан Блок 6.1 и Детален урбанистички план за Урбан Блок 3 и Урбан Блок 6.1, Општина Пробиштип, е дефинирана согласно ГУП на град Пробиштип за плански период 1995-2005 година, со Одлука бр.08-335/2 од 03.10.1997 година (Сл.гласник на Општина Пробиштип, бр.9/1997 година).

Границите на Урбаниот Блок 3 и Урбан Блок 6.1 се границите со Урбаните блокови по Генералниот урбанистички план на Град Пробиштип за 1995-2005 (Одлука бр.08-335/2 од 03.07.1997 г.) и тоа:

- На **север** со урбан блок 12.2
- На **исток** со урбан блок 4.1, 6.2 и 2.1
- На **југ** со урбан блок 2.3
- На **запад** границата е самата граница на ГУП

Со изработка на Измена и дополна на ГУП на Град Пробиштип за Урбан блок 3 и Урбан блок 6.1, О.Пробиштип од Обединета постапка за Измена и дополна на Генерален Урбанистички план за Град Пробиштип за Урбан Блок 3 и Урбан Блок 6.1 и Детален урбанистички план за Урбан Блок 3 и Урбан Блок 6.1, Општина Пробиштип се овозможува поставување на граници на зони според намената на земјиштето, генерална регулација со регулациони линии со кои се уредува примарната и дел од секундарната сообраќајна мрежа опфатени со **Генералниот урбанистички план** и формирање на градежни парцели, нивна функционалност, диспозиција и капацитет, како и максимално користење на просторот и можности за реализација на планот кои ќе бидат опфатени **со деталната разработка** во рамки на границите на Измена и дополнување на ДУП за Урбан Блок 3 и Урбан Блок 6.1, Општина Пробиштип како дел од оваа постапка. При тоа, неминовно е усогласување со постојната состојба и претходната урбанистичко-планска документација која го третира планскиот опфат.

Просторот што е предмет на инвентаризација е составен од УБ 3 и УБ 6.1, чија граница е определена според осовината на уличната мрежа според **ГУП на Град Пробиштип за 1995-2005 (Одлука бр.08-335/2 од 03.07.1997 г.).**

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски" бр.1*2210 Пробиштип
*Тел.:032/483-131; факс:032/483-047*
*www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk*

Со важечката планска документација од повисоко ниво и тековните измени за истата, за **планскиот опфат за генарелна разработка** од **Измена и дополна на ГУП на Град Пробиштип за Урбан блок 3 и Урбан блок 6.1, О.Пробиштип од Обединета постапка за Измена и дополна на Генерален Урбанистички план за Град Пробиштип за Урбан Блок 3 и Урбан Блок 6.1 и Детален урбанистички план за Урбан Блок 3 и Урбан Блок 6.1, Општина Пробиштип** предвидени се следните групи на класи на намени и класи на намени:

- Г – РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА
- Д – ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ
- Е – ИНФРАСТРУКТУРИ

Појдовна точка во изнаоѓање на концепцијата на решението на овој ДУП покрај смерниците од **Генералниот урбанистички план на Град Пробиштип за 1995-2005 (Одлука бр.08-335/2 од 03.07.1997 г.)**, се и создадените услови на просторот кој е предмет на изработка на оваа урбанистичка документација. Концепцијата на решението произлегува од постојната состојба и увидот на лице место.
Површината на планскиот опфат е речиси неизградено земјиште. Со планот се формираат и се предвидуваат наменски зони со поединечни класи на намени, а согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ", број 225/20,219/21, 104/22, 99/23) и планската програма, основни класи на намени кои се планираат во рамки на границата опфатена за детална разработка, **како дел од обединетата постапка** се:

- Г – РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА
  - -Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија
- Д – ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ
  - -Д2- Заштитно и сообраќајно зеленило
- Е - ИНФРАСТРУКТУРИ
  - -Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури,
  - -Е1.4 -Регулација на реки и порои - Река
  - -Е1.8 – Инфраструктура за пренос на електрична енергија – трафостаници
  - -Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани
  - -Е2.1 – Згради и комплекси на патниот сообраќај-Полигон за обука на возачи

Како главна намена која доминира во рамки на планскиот опфат се јавува основната класа на **намени** Е1.13 – **Површински соларни и фотоволтаични електрани,** со можност за вградување на компатабилни класи на намена на основните согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ" бр.225/20, 219/21, 104/22 и бр.99/23 год.).

Планската документација е изработена во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ" бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и бр.40/25 год.), и Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ" бр.225/20, 219/21, 104/22 и бр.99/23 год.).

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски" бр.*12 2210 Пробиштип
*Тел.:032/483-131; факс:032/483-047*
*www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk*

## ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА

**со стручно презентирање на**

**Нацрт план за Обединета постапка за Измена и дополна на Генерален Урбанистички план за град Пробиштип за Урбан Блок 3 и Урбан Блок 6.1 и Детален урбанистички план за Урбан Блок 3 и Урбан Блок 6.1, Општина Пробиштип, за плански период (2024-2034)**, со Тех. Број 32/2024 од Декември 2024, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА" Скопје, ќе се одржи на ден **14.08.2025 год.** (четврток), со почеток во **11.30** часот во салата на Советот на Општина Пробиштип, во Домот на културата - Пробиштип.

## ЈАВНА АНКЕТА

**По Нацрт план за Обединета постапка за Измена и дополна на Генерален Урбанистички план за град Пробиштип за Урбан Блок 3 и Урбан Блок 6.1 и Детален урбанистички план за Урбан Блок 3 и Урбан Блок 6.1, Општина Пробиштип, за плански период (2024-2034)**, со Тех. Број 32/2024 од Декември 2024, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА" Скопје, ќе трае **30** (триесет) **дена** и во електронска и во писмена форма, секој работен ден од **7.30** до **15.30** часот во просториите на Одделението за Урбанизам при општина Пробиштип, во периодот од **24.07.2025 год.** до **22.08.2025 год.**, во кој период заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на **анкетните листови**, кои можат да ги подигнат од Општинскиот центар за услуги (шалтерот) во зградата на кино салата, и од ***web*** страната на Општина Пробиштип, или во електронска форма преку информацискиот систем ***e-urbanizam.*** Во прилог на анкетните листови да се достави копие од катастарски план и имотен лист за парцелата за која се доставува забелешката.

**Графичкиот прилог** од Нацрт планот за Обединета постапка за Измена и дополна на Генерален Урбанистички план за град Пробиштип за Урбан Блок 3 и Урбан Блок 6.1 и Детален урбанистички план за Урбан Блок 3 и Урбан Блок 6.1, Општина Пробиштип, ќе биде изложен на огласна табла пред влезот на Општинскиот центар за услуги (шалтерот) во зградата на кино салата, објавен во информацискиот систем ***e-urbanizam*** и на ***web*** страната на Општина Пробиштип ***www.probistip.gov.mk***, а подетални информации во врска со горенаведениот план може да се добијат во Одделението за урбанизам на Општина Пробиштип, кое се наоѓа во просториите на зградата на кино салата на вториот кат.

Изготвил: Ј.Дукоска
Одобрил: Б.Станојковски

м.п.

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Градоначалник,**
**Драган Анастасов**

Република Северна Македонија ОПШТИНА ПРОБИШТИП 2 ПРОБИШТИП